

**ДЕЛОТО „40 ПОКЛОНЕНИЈА ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ**

**ФИЛОСОФ ВО РИМ„ - ЕДНО ОД ЗНАЧАЈНИТЕ ИЗДАНИЈА**

**НА „МАКЕДОНСКА ИСКРА“**

Делото *„40 поклоненија пред гробот на Св. Кирил Философ во Рим”,* чиј автори се д-р Вера Стојчевска-Антиќ, Славе Николовски-Катин и викарниот епископ хераклејски Климент е едно од значајните изданија на книгоиздателството *„Македонска искра”* (2008) на 228 страници. Во ова издание се одразени повеќеродни дејности, манифестации, собири, институции, личности, изданија и други активности кои се носители на името, дејноста, работата, на светите Кирил и Методиј и нивните ученици.

Инаку, книгоиздателството *“Македонска искра”* е формирано благодарение на демократските процеси што настанаа по осамостојувањето на Република Македонија како независна, демократска и самостојна држава. Тогаш се создадоа поволни услови за приватна иницијатива, меѓу другото и во областа на културата, со посебен акцент во развојот на книгоиздателството. Така, се формира денешното Друштвото за издавачка и образовна дејност, производство и промет (Книгоиздателството) „Македонска искра” ДООЕЛ увоз-извоз-Скопје.

*„Македонска искра“* е крстена по весникот *„Македонска искра“,* првиот македонски весник што започна да се печати во Перт, Австралија во 1946 година. Таа за првпат е регистрирано во Окружниот стопански суд во Скопје, на 28.03.1995, за потоа да ги следи сите законски измени. Меѓутоа, својата издавачка дејност “ *Македонска искра”* ја започна во текот на 1997 година и досега има објавено стотици наслови од значајните македонски писатели, научници и публицисти, во тираж од илјадници примероци, пласирани во Македонија и во многу национални библиотеки и специјализирани книжарници во европските и во прекуокеанските земји, особена меѓу македонското иселеништво

На оваа скромна, но со видни резултати издавачка куќа посебна област во издаваштвото се учебниците и дидактичката литература одобрена од Министерството за образование на Република Македонија. Сите учебници и различната дидактичка литература на *„Македонска искра“* се користат во основните и средните училишта, и имаат значаен прилог и придонес во образовниот процес во Република Македонија.



Публикацијата *„40 поклоненија пред гробот на Св. Кирил Философ во Рим“,* од авторите д-р Вера Стојчевска – Антиќ, Славе Николовски – Катин и викарниот епископ хераклејски Климент е едно од изданија на оваа реномирана издавачка куќа во Македонија, чиј главен и одговорен уредник е авторот на овие редови, Славе Катин. Рецензенти на ова дело се Архиепископот г.г. Стефан и проф.д-р Ѓоко Ѓорѓиевски, декан на Богословскиот факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, а беше издадено во 2008 година, кога се навршуваа шеесетина години самостоен слободен, просветен и културен живот и растеж во Република Македонија.

Треба да се нагласи дека во публикацијата *„40 поклоненија пред гробот на Св. Кирил Философ во Рим“,* се проследени јубилеите

кои во одредени години ги потенцираат активностите и дејностите во врска со претставувањето, изучувањето или откривањето на нивното сестрано дело. Исто така, своевиден простор е посветен на манифестација
*„Во чест на св. Кирил" и*
поколенијата на гробот на св. Кирил Солунски во Рим, во период од 40 години (1969-2014).

За ова дело Архепископот Охридски и Македонски г.г.Стефан ќе напише дека поракатa на светиот апостол Павле - помнете ги вашите наставници, што ви го проповедаа Словото Божјо (Евр. 13, 7), нашла и има вистинско место меѓу македонскиот народ кога е во прашање чествувањето на македонските и сесловенските просветители, браќата од Солун - светите Кирил и Методиј.

Во книгата *„40 поклоненија пред гробот на Св. Кирил Философ во Рим"* е запишано дека **о**
д средината на 9 век па наваму, Кирил и Методиј, двајца просветители и учители, свештенослужители и рамноапостоли, имаат водечко место во духовната историја на македонскиот и на словенските народи. Како нови апостоли и учители на сите земји во коишто огрееја на земјата како сонце со вистинска вера и убавина... го просветија и нашиот народ и нема да се посрамиме споредувајќи ги сите нивни добри дела и подвизи со оние на Божјите угодници.



*Свети Кирил и Методиј*

Инаку, во 2008 година, по 40- ти пат, Македонската црковно- државна делегација се поклони на гробот на свети Кирил во Рим, и на свети Методиј му даде заслужна почит во Елванген - Германија, местото каде што темнувал повозрасниот брат Исто така, претставници на МПЦ и на Министерството за култура при Владата на Р. Македонија

учествуваа на Сесловенското чествување во Русија.

Секако, покрај молитвено во храмовите на МПЦ, во Татковината и меѓу иселените Македонци по светот, на св. Браќа им се оддаде почит од институциите што ги носат нивните имиња, од просветните работници, студентите и учениците и од сите коишто го почитуваат делото нд големите просветители и рамноапостоли, светите враќа Кирил и Методиј. Од оваа година во Р. Македонија нивниот ден е прогласен за државен празник.

Во *2008* година се навршуваа *40* години од македонските поклоненија пред гробот на св. Кирил и Методиј во Рим. Оваа просветителска и културна дејност на претставниците од почетоците на формирањето на словенската писменост и книжевност оставала траги низ вековите во Македонија. За оваа забележана традиција доста често е пишувано во славистиката, Притоа, се заклучува дека и во пишаните извори, а и во народната усна традиција постои континуираност.

Токму затоа, со издание *„40 поклоненија пред гробот на Св. Кирил Философ во Рим",* сакаме да ги проследиме во еден преглед поважните дејности во врска со кирилометодиевската традиција во периодот од
*1969*
до
*2007*
година. На овој начин ги регистрираме барем поважните појави во Македонија поврзани со епохалното дело на светите браќа и нивните ученици, укажувајќи на длабоките корени на оваа традиција кај нас, зачувана и во нашето современо живеење и чествување како долг кон беспримерните наши учители.


*Ватикан*

Македонскиот јазик спаѓа во јужнословенските јазици, а се формирал од словенските

племиња што се населиле најјужно на Балканскиот Полуостров. Уште тогаш, во /X век, тој се одликувал со карактеристични особености во однос на јазичните црти. И понатаму во својот развој доживувал своевиден напредок. Прашањето за современиот литературен македонски јазик било поставено уште во X/X век, а решено дури со победата на НОБ. Македонскиот литературен јазик ја доживеал својата кодификација со одлуките донесени на АСНОМ *1944* година.

Во педесетгодишниот период растеше јазично-творечката дејност. Во поновиот труд на Блаже Конески со наслов „Македонскиот литературен јазик" (Реферати на македонските слависти за X/ Меѓународен славистички конгрес во Братислава, Скопје, *1
993*
*,*
*9-33)*
*,*
не случајно е истакнато: „Развитокот на функционалните стилови на македонскиот литературен јазик во периодот на неговата кодификација ја потврдува обемноста и успешноста на таквите напори".

Веднаш по НОБ се обновија училиштата во Македонија. Повеќе од нив го задржаа или го добија името „Св. Кирил и Методиј" и „Св. Климент Охридски". Овие имиња на нашите современи македонски училишта не се само симболични наслови, туку една жива врска на писмената, книжевната и културната традиција што ја вкоренија солунските браќ а и светители Кирил и Методиј во /X век.

Важен дел од манифестациите посветени на браќата Кирил и Методиј во Македонија се организирани во чест на свети Кирил Филозоф кој почина во Рим на 14 февруари стар стил, а на 27 февруари нов стип, 869 година. Токму затоа, на Денот на браќата просветители, на 24 мај, пред неговиот гроб се извршува свечено поклонување и ред други културни, црковни и научни дејности.

***Продолжува***



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**